Совет на Општина Делчево
Број 09-      /2
29.04.2024 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 34.седница
на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на на 29.04.2024 година, во Мултимедијалниот центар со почеток во 09:20 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет.

Отсутни немаше.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот кој за 34.седница го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 33.седница

1.Предлог- Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Делчево;

**Образлагач:** Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево.

2.Предлог Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на **Веселинка Стоименовска**;

3. Предлог Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на **Митко Димитровски;**

4. Предлог Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на **Митко Димитровски;**

**5.** Предлог Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на **Ванчо Златков;**

**Образлагач:**Андријана Соколовска-Помлад соработник за уредување на градежно земјиште.

**6.** Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;

7.Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклукок за усвојување;

**Образлагач**: Лејла Анакиевска-Командир на ПС од ОН Делчево.

8.Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“-Делчево;

9. Годишен извештај за работењето на ЈКП „Брегалница„ Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;

10. Предлог-Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за иамени и дополнувања на Статутот на ЈКП „Брегалница“-Делчево;

**Образлагач**: Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

11.Годишна сметка на ЈКП „Брегалница“ за 2023 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Марија Сумрачка-Одговорна за сметководство на ЈКП „Брегланица

12.Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен-плански регион 2021-2026 за 2023 година со Заклучок за усвојување;

13.Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година со Годишен финансиски извештај за работењето со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Претставник на Источен плански регион.

14. Предлог-Одлука за корекција на Буџетски календар за 2024 година;

15. Предлог-Одлука за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на општина Делчево за 2024 година;

**Образлагач:** Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделение за буџет...;

16. Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за јавни дејности;

17. Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за урбанизам;

18. Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за статут и прописи;

19. Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за еднакви можности;

20 . Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред за 34.седница, беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, истиот беше усвоен.

Беше отворена расправа по записникот од 34.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ Советот на општина Делчево го усвои записникот од 34.седница на Советот.

**Прва точка-Предлог- Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево и претседател на Комисијата за избори, именувања верификација на мандати, кој ги информираше членовите на Советот дека била одржана седница на оваа комисија и дека бил направен увид во доставеното Известување на ОИК Делчево и издаденото Уверение за ибран член на Советот. Комисијата констатирала дека се е во ред и му предложи на Советот да ја донесе оваа Предлог-Одлука.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за верификација на мандат на член на Советот на Општина Делчево.

**Втора точка**-Предлог Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на **Веселинка Стоименовска**;

Оваа точка ја образложи Андријана Соколовска која рече дека истата се однесува на утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Веселинка Стоименовска. Бесправно изградениот објект се наоѓа на приватно земјиште во с. Габрово.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Трета точка**-Предлог Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на **Митко Димитровски и четврта точка-** Предлог Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на **Митко Димитровски;**

Образложение по оваа и по наредната точка даде Андријана Соколовска која рече дека третата точка се однесува на утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Митко Димитровски. Бесправно изградениот објект се наоѓа на приватно земјиште во с. Габрово. Таа рече дека истиот барател има поднесено две барања бидејќи станува збор за две згради.

Претседателот отвори расправа по точка 3.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Претседателот отвори расправа и по 4.точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Петта точка-**Предлог Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на **Ванчо Златков;**

Образлагач и по оваа точка беше Андријана Соколовска-Помлад соработник за уредување на градежно земјиште. Таа истакна дека оваа одлука се однесува на утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Ванчо Златков од с. Габрово, земјиштето е приватна соипственост.

Претседателот отвори расправа и по 5.точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Шеста точка-Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;**

Во отсуство на директорката на СОУ „М.М.Брицо“ и одговорното лице за Завршната сметка, оваа точка ја образложи претседателот на Училиштниот одбор, Весна Димитровска која истакна дека гимназијата во 2023 година работела со 4 сметки и тоа:сметка за наменска дотација (903), сметка за сопствени приходи (787), сметка за донации (785)-41 и уште една сметка за донации(785)-56. Доколку советниците имаат прашања, да ги достават писмено и ќе им биде одговорено.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 6 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за 2023 година.

**Седма точка-Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Лејла Анакиевска-Командир на ПС од ОН Делчево која рече дека овој извештај се поднесува од страна на командирот на ПС од ОН до Советот согласно член 25 став 1 од Законот за полиција. Безбедносната ситуација во извештајниот период се оценува како стабилна и поволна. Во областа на кримналитетот регистрирани се 37 кривични дела и во однос на ланскиот период има зголемување за 21,6%. Од вкупниот број на регистрирани кривични дела 24 се од општиот криминалитет од кои имотни деликти 4 од кои 3 тешки кражби и 1 кражба. Во овој извештаен период се регистрирани 7 кривични дела-семејно насислство, а од кривичните дела од класичен кримналитет се сторени 8 кривични дела, економски криминалитет 8, недозволена трговија со дрога и оружје 5, а од областа на организираниот криминал не се регистрирани кривични дела.

Од вкупно пријавените кривични дела 37, расчистени се 34 или 91,8%. Против сторителите се поднесени кривични пријави до обвинителството, а на нерасветлените кривични дела и натаму се работи до пронаоѓање на сторителот.

Во област на јавниот ред и мир, состојбата се карактеризира со намалување на бројот на прекршоци за 6,66% во однос на истиот период лани. Регистрирани се 30 прекршоци и за нив се поднесени 30 барања за поведување постаапка против 39 лица. Најголем број нарушители се мажи 32 и 7 жени. 27 од нарушувањата се случиле во градот, а 3 во останатите населени места.

Во однос на превентивното работење од страна на службата има зајакнато покривање на сите јавни места со зачестено присуство на униформирани полициски службеници пред угостителските објекти во ЦГП, во реоните во градот и селата каде тое е потребно и каде почесто доаѓа до нарушувања.

Во областа на патниот сообраќај вкупниот број на сообраќајни несреќи е зголемен во однос на ланскиот извештаен период за 11%. Сторени се 18 сообраќајни незгоди,10 се тешки последици, 8 со помала материјална штета. Од нив 12 се случиле на регионален и 8 на локален пат.На крајот од извештајот, командирот на ПС од ОН зборуваше и за пожарите, контролите, полициските овластувања и превенцијата.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево.

**Осма точка-Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“-Делчево;**

Оваа точка ја образложи директорот на ЈКП кој рече дека истата е предложена од страна на директорот до Управниот одбор кој ја усвоил и донел одлука за најзино усвојување. Програмата е доставена до Советот на Општината заедно со одлуката за усвојување од страна на Управниот одбор уште со материјалите за претходната седница на Советот. Во врска со оваа програма била одржана и седница на Комисијата за комунални работи и сообраќај која во глобала ја поддржала оваа програма, но и предложила дополнување на истата (предлог на Марио Скакарски и Оливера Ташевска) –доизградба на дренажен систем во с. Разловци на река Ракитина. Од наша страна, предлогот е прифатен и ќе се реализира во месец јули. Исто така, Програма е дополнета и со предлогот на Дејан Георгиевски за замена на фекалната канализација на ул.„Лика Чопова“. Бидејќи на денот на одржувањето на седницата директорот бил службено отсутен, истата е повлечена и затоа сега е на дневен ред. Во неа за 2024 година се предвидуваат повеќе активности и реализација на повеќе прокети, како и на подобрување на резултатите во работењето. Доколку имате прашања, повелете, рече директорот.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на општина Делчево донесе Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Процедурално реагираше Кирил Тренчевски кој рече дека не е сфатливо како советничката Оливера Ташевска не дава поддршка на оваа Програма и покрај тоа што нејзиниот предлог за доплнување на истата е прифатен и ќе биде реализиран во јули, како што истакнал директотот.

Оливера Ташевска рече дека така било кажано, но во материјалите што се доставени никаде не е наведен дополнувањето на Програмата со предлогот.

**Деветта точка-Годишен извештај за работењето на ЈКП „Брегалница„ Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;**

И оваа точка ја образложи директорот кој рече дека Извештајот исто така бил разгледан на седница на Комисијата за комунални работи и сообраќај и бил усвоен без забелешки.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работењето на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на ЈКП „Брегалница“-Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево кој рече дека Проектот за водоснабдување е при крај односно е во завршна фаза. Оваа одлука за измена на статутот е предложена од причина што фотоволтаиците се приклучени на електроснабдителниот систем на ЕВН. Мал дел од произведената електрична енергија од фотоволтаичните централи се користи за сопствени потреби на ЈКП, а вишокот го коритси ЕВН. За да не се случува тоа во иднина и во консултација со ЈКП од Кочани, направивме измена на статутот на ЈКП „Брегалница“ со тоа што бараме да се додаде нода дејност 35.11 производство на електрична енергија. По добивањето на согласност од страна на Советот на Општина Делчево ќе се изврши упис на дејност од членот 1 на оваа одлука во Централниот регистар на РСМ и ќе може

да се отвори подружница за производство на електрична енергија. Потребно е да ни дадете огсласност бидејќи само 3% од електричната нергија се користи за наши потреби и бидејќи со тоа ќе се подобри финансиската состојба на ЈКП,рече директорот на ЈКП.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека оваа одлука е доказ дека иницијативата на Левица од лани за отварање на ЈП за производтсво на електрична енергија била добра.

Претседателот на Советот рече дека иницијативата на Левица била отварање на посебно/ново претпријатие за производтство на електрична енергија кое нешто носи и многу трошоци, а ова денес е сосема друго, предлог за отварање на подружница во постоечкото ЈКП, со истиот директор, истите вработени и без дополнителни трошоци на јавното комунално претпријатие.

Тони Стаменковски рече дека иницијативата на Левица меѓу другото била и дека ЈКП со производството на електрична енергија ќе има бенефит з ашто е доказ предлагањето на оваа измена на Статутот на ЈКП. Тој истакна дека ќе ја подржи оваа одлука.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Единаесетта точка-Годишна сметка на ЈКП „Брегалница“ за 2023 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач по точката беше Марија Сумрачка-Одговорна за сметководство на ЈКП „Бреганица“.

Образлагач по оваа точка беше Марија Сумрачка-сметководител на ЈКП „Брегалница“-Делчево која рече дека Годишната сметка е подготвена во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Таа е поединечна, а валутата на презентација е македонски денар. Нематеријалните средства евидентирани во годишната сметка се измерени според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и било какви загуби поради обезвреднување. Во своето работење во 2023 година ЈКП Брегалница“ остварило негативен финансиски резултат со загуба од -3.165.371 денари. Основната дејност на претпријатието е собирање, обработка и снабдување со вода.

Вкупните приходи од работењето за 2023 година се 52.897.510,00 и во однос на ланската година бележат пораст од 3.507.642,00 денари. Најголемо зголемување на приходите има кај приходи од вода и канализација (поради зголемување на вената на водата и канализацијата), кај физички и правни лица за 3.296.634, од канализација 1.628.837, потоа гробна такса и тоа за 93.583, од паркови и зленило за 343.840.,00 денари.

Расходите што ги направило претпријатието во своето работење во деловната 2023 година изнесуваат 56.062.881 денари и во однос на 2022 година бележат пораст од 3.528.691,00 денари и тоа зголемување се забележува кај минималната плата-покачување во месец март и месец октомври, синтетичките конта и тоа 419 зголемување за 1.288.962 Агенција за привремени вработувања.

Процентот на наплата заклучно 31.12.2023 година е 81% кај домаќинствата односно од 38.632.247 фактурирани, наплатени се 31.401.890, за наплата останале 7.230.357 денари. Процентот на наплата кај правните субјекти изнесува исто така 80 %, односно од 8.506.383, наплатени се 6.815.590 или за наплата остануваат 1.690.793 денари. Процентот на наплата кај градскиот пазар е 90% од 1.258.006 наплатени се 1.169.511, за наплата остануваат 115.495,00 денари. Негативниот финансиски резултат на ЈКП „Брегалница“ во 2023 година е резултат на повеќе финансиски ризици.

На крајот, таа истакна дека доколку има прашања, ќе даде одговор.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Тони Стаменоковски кој праша дали е зголемена цената на водата бидејќи Советот ги симнал од дневен ред двете точки за зголемување на цената на водата и канализацијата, а овде во Годишната сметка, се покажува зголемувањена приходите од вода?

Марија Сумрачкарече дека од јануари е зголемена цената на водата со Решение на Комисијата за енергетика врз основа на претходна Одлука за соласност на цените  за плански период, донесена од Советот.

Тони Стаменковски рече дека за тоа шрашање ќе побара писмен одговор од ЈКП „Брегалница“.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ЈКП „Брегалница“ за 2023 година.

Во врска со точките 12 и 13 -**Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен-плански регион 2021-2026 за 2023 година** со Заклучок за усвојување и **Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година со Годишен финансиски извештај за работењето со Заклучок за усвојување**, немаше присутни образлгачи и затоа, по претходен договор со советничките групи, точките беа ставени на гласање без образложение и расправа.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен-плански регион 2021-2026 за 2023 година.

Со 15 гласа ЗА“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година со Годишен финансиски извештај за работењето.

**Четиринаесетта точка- Предлог-Одлука за корекција на Буџетски календар за 2024 година;**

Оваа точка ја образложи Ана Ситновска Димитровска која рече дека на претходната седница имало Измена на Буџетскиот календар по насоки добиени од Министерството за финансии. Истите измени биле доставени до Министерството за финансии од страна на Одделението за финансии, но од страна на надлежното министерство повторно се бара корекција на буџетскиот календар. Имено, бараат бришење на 3 позиции предвидени со истиот, во март, септември и ноември месец. Од кои причини и зошто го бараат тоа, не знам, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој рече како може да се  брише рокот за донесувањето на ребалансот (најдоцна до 15 ноември) кога така е предвидено и во Законот?

Ана С.Димитровска рече дека точно така стои во законот, а зошто се бараат тие измени, од кои причини, нема информации.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за корекција на Буџетски календар за 2024 година.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на општина Делчево за 2024 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделение за буџет која рече дека оваа одлука се предлага од причини штојавниот правобранител бара да има донесено посебна одлука за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на општина Делчево за 2024 година и покрај тоа што тие се предвидени во буџетот. За 2024 година се планирани 3.000.000 денари, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на општина Делчево за 2024 година.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за јавни дејности;**

Точката ја образложи Гоце Попов, претседател на Комисијата за верификација, избори и именувања кој рече дека согласно престанокот на мандатот на 2 члена на Советот и верификацијата на мандатот на другите 2 советници има потреба од измени во неколку комисии. Во Комисијата за јавни дејности се разрешува Јасмина Ќурчиска член на Комисијата за јавни дејности заради престанок на мандат на член на Советот на Општина Делчево и се избира Илче Каранфиловски за член на Комисијата за јавни дејности.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Решението беше ставено на гласање.

Со 15 гласа „ЗА„, истото беше донесено.

**Седумнаесетта точка-Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за урбанизам;**

Претседателот, Гоце Попов рече дека во оваа Комисија се разрешува Јасмина Ќурчиска од член на Комисијата за урбанизам,планирање уредување на просторот и заштита на животната средина и природата и се избира Илче Каранфиловски за член на Комисијата за урбанизам,планирање уредување на просторот и заштита на животната средина и природата.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Решението беше ставено на гласање.

Со 15 гласа „ЗА„, истото беше донесено.

**Осумнаесетта точка- Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за статут и прописи;**

Претседателот на Советот ја образложи точката и рече дека во оваа Комисијасе разрешува Зекир Абдулов, а се избира Маја Алексова.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Решението беше ставено на гласање.

Со 15 гласа „ЗА„, истото беше донесено.

**Деветнаесетта точка-Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за еднакви можности;**

Во врска со оваа точка, претседателот Гоце Попов рече дека се разрешува Јасмина Ќурчиска, а се именува Илче Каранфиловски.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Решението беше ставено на гласање.

Со 15 гласа „ЗА„, истото беше донесено.

**Дваесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**

**Иван Гоцевски, до директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево**

1. Дали е точно тоа дека е блокирана сметката на ЈКП „Брегалница“ Делчево и ако е точно кои се причините за блокадата и од кога е блокирана сметката на ЈКП „Брегалница“?

**Иван Гоцевски, до градоначалникот и Секторот за урбанизам (Звонко Атанасов)**

1. Кога ќе одговорите на барањето од група граѓани од Први и Втори реон кое се однесува на нов приклучок на фекална канализација со број 12-614 од 01.04.2024 година?

**Иван Гоцевски, до директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево**

1. Дали е точно тоа дека е блокирана сметката на ЈКП „Брегалница“ Делчево и ако е точно кои се причините за блокадата и од кога е блокирана сметката на ЈКП „Брегалница“?

**Иван Гоцевски, до градоначалникот и Секторот за урбанизам (Звонко Атанасов)**

1. Кога ќе одговорите на барањето од група граѓани од Први и Втори реон кое се однесува на нов приклучок на фекална канализација со број 12-614 од 01.04.2024 година?

Со исцрпувањето на дневниот ред, 34.седница заврши со работа во 10.30

Записникот го водела

Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател

Гоце Попов